РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI PËR SIGURIM SHËNDETËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 04-17319/4
7. 12. 2021

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20 и 215/21), Директорот на Фондот за здравствено осигурување донесе

О Д Л У К А
за избор на кандидат по Интерен оглас 01/2021 за унапредување на административен службеник во Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

1. Кандидатот **ЦВЕТЕ СЕРАФИМОСКИ**, по пат на интерен оглас број 01/2021 се избира за работно место, **Директор на Сектор за контрола - 1 (еден) извршител, со шифра ФЗО 01 02 Б01 001**.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и Предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас 01/2021, со број 04-17319/2 од 7.12.2021 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено Известување број 18-5016/2 од 10.06.2021 година, од страна на Министерството за финансии за одобрени финансиски средства, Директорот на ФЗОРСМ упати Барање со број 04-11513/1 од 04.08.2021 година за отпочнување на постапка за унапредување на 2 (два) административни службеници во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 01/2021 за унапредување на 2 (два) административни службеници во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, објавен на ден 05.08.2021 година на веб страната на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување

на административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Директорот на Фондот, со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување со број 04-12029/1 од 11.08.2021 година, направи административна селекција, потоа се одржа интервју со уредниот кандидат кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 01/2021 за унапредување на административните службеници со број 04-17319/12 од 03.12.2021 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на административни службеници на работно место од категорија Б со број 04-17319/2 од 7.12.2021 година и изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 01/2021.

Врз основа на ранг листата, Директорот во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија донесе Одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за унапредување за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од: денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата.

ДИРЕКТОР/ DREJTOR,

Стево Крстевски — Faton Ahmeti, Mr.sc., MBA

Изготвил: Александар Младеновски
Конгтролирал Сузана Делева
Согласен Фатиме Идризи / Fatime Idrizi

Доставено до: Административниот службеник
Архива